Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Сл.весник на РМ“ бр.27/14 и 199/14), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на ден _____2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и задачите на одделните работни места.

Во овој правилник се утврдени и опишани (систематизирани) вкупно 1.276 работни места (извршители) со вкупно пополнети 876 работни места (извршители), утврдени согласно Правилникот за внатрешна организација на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Фондот за здравствено осигурување на Македонија се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

1. АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 1.197 работни места на административните службеници (јавни службеници), а пополнети се 819 работни места распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 6

Работните места од членот 5 на овој правилник согласно Законот за здравствено осигурување се распоредени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места	Празни работни места
Б01001	Директор на сектор	4	5
Б01002	Советник на директорот	6	1
Б01003	Раководител на Подрачна служба Скопје (голема подрачна служба – I група)	1	
Б02001	Шеф на кабинет		2
Б02002	Раководител на средна подрачна служба II група	9	1
Б02003	Раководител на Одделение – централа, Офицер за сигурност на информациониот систем,	15	3
Б02004	Раководител на Одделение - информатика	4	
Б03001	Раководител на мала подрачна служба – III група	19	
Б03002	Шеф на оддел – централа, информатика	14	4
Б03003	Координатор на финансиски контролори		1
Б03004	Информатичар – I група	1	19
Б04001	Координатор на лекарска комисија	5	10
Б04002	Републички контролор – инспектор (ДСГ контролор инспектор, Републички внатрешен контролор, Самостоен финансиски контролор на ЈЗУ, Финансиски контролор)	20	26
Б04003	Самостоен стручен соработник - централа	13	17
Б04004	Внатрешен ревизор - централа	2	3
Б04005	Информатичар II група	4	13
Б04006	Шеф на Одделение во подрачна служба	26	14
В01001	Стручен соработник - централа	19	12
В01002	Републички контролор, ДСГ Контролор	12	21
В01003	Помлад внатрешен ревизор	2	
В02001	Контролор во подрачна служба, за придонес и трезорско работење	71	38
В02002	Стручен соработник во подрачна служба, Систем инженер	140	43
В03001	Стручен соработник – III ниво во централа		2
В03002	Деловен секретар - централа	2	
В04001	Соработник	39	10
Г01001	Референт – централа VI степен	1	
Г01002	Референт I ниво	2	15
Г02001	Референт II ниво – централа, Референт VI степен ПС	28	16
Г02002	Архивар - централа	1	1
Г03001	Референт III ниво – Референт во подрачна служба и централа несоодветно	282	83
Г03002	Архивар во подрачна служба	17	3
Г04001	Референт – IV ниво	60	15
Вкупно		819	378
Вкупно		1197	

2. ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 7

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 79 работни места на помошно технички лица, а пополнети вкупно 57 работни места, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 8

Работните места од членот 7 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места	Празни работни места
УПР0405А03001	Курир	20	11
УПР0403А02001	Возач во подрачна служба	1	4
УПР0405А02003	Домаќин	7	1
УПР0405А03002	Работник на телефонска централа	4	-
УПР0405А03004	Хигиеничари	24	6
УПР0404А05001	Кафе кувар	1	-
Вкупно		57	22
Се вкупно		79	

Член 9

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници или колективен договор за административните службеници се:

- Да е државјанин на Република Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа – ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII степен;
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Потврда за положен испит за административно управување,
- Работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од коис најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
  - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
  - за нивоата Б3 и Б4 најмалку чиетири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:

- а нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЏФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ и

- за нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 – 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни компетенции на напредно ниво:
-решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување;

Член 11

(1)Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:
- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една година работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ намјалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЏФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/ засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 12

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за помошно – стручни административни службеници и категоријата Г се:

- Ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКССОО или намјалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, работно искуство, и тоа:
    - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
    - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
    - за нивото Г3 најмалку една година работно искуство во струката или
    - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А1) новото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЏФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни компетенции на основно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА (АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА).

АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ	

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА	
Реден број и шифра	***1.ФЗО0102Б02001***
Звање на работното место	***Шеф на кабинет***
Назив на работно место	***Шеф на кабинет***
Број на извршители	2
Вид на образование	Правни науки, Економски науки, Организациски науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	- Ефикасна администрација на Кабинетот на директорот на Фондот, Координирање, усогласување, следење на работата и остварување на соработка на подрачните служби со централната служба во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. - Поддршка на работата на Директорот на Фондот за здравствено оигурување на Македонија.
Работни заачи	1. раководи со Кабинетот, 2. ја организира, насочува и координира работата на Кабинетот, на секторите во централата и на подрачните служби во Фондот за здравствено оигурување на Македонија, 3. ги подготвува состаноците и средбите кај Директорот на Фондот за здравствено оигурување на Македонија, 4. изготвува акти, дописи, извештаи и мислења во врска со заклучоци на работни тела на Владата на РМ и други институции, 5. врши непосредна контрола и наздор над извршувањето на работата на вработените во Кабинетот на Директорот, 6. одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работните задачи на Кабинетот на директорот, 7. ги пренесува работните задачи делегирани од директорот на Фондот, на секторските директори, раководителите на одделенија и раководителите на подрачните служби, 8. соработува на соодветно ниво со Владата на Република Македонија и други органи и организации, 9. воспоставува, одржува комуникација и соработува на соодветно ниво со домашни, странски и меѓународни организации.
Одговара пред	Пред директор на ФЗОМ
Реден број и шифра	***2.ФЗО0102Б01002***
Звање на работното место	***Советник на директорот***
Назив на работно место	***Советник на директорот***
Број на извршители	6
Вид на образование	Медицински науки, Стоматологија, Економски
Други посебни услови	
Работни цели	- Ефикасна администрација на остварување на правата, - Воспоставување на систем на контрола на процесите - Воспоставување на ефикасни тела за остварување на правата

	- Финансиска ставилност и ефикасност на Фондот во делот на обоезбедување на редовни приходи од осигурениците по основ на осигурање, наплата на партиципации
Работни задачи	1. дава стручни мислења за одредени прашања од областа на здравственото осигурување; 2. предлага мерки за порационално и поекономично користење на средствата од здравственото осигурување и го следи спроведувањето на истите; 3. изготвува анализи и информации за потребите на Фондот; 4. учествува во изготвувањето на проекти; 5. учество во работни групи и комисии од областа на здравственото осигурување.
Одговорен пред	Пред директор на Фондот.
Реден број и шифра	***3.ФЗО0102Б01002***
Звање на работното место	***Советник на директорот***
Назив на работно место	***Советник на директорот за односи со јавност***
Број на извршители	1
Вид на образование	Наука за книжевност – Филологија, економски науки,
Други посебни услови	
Работни цели	- Ефикасна администрација на остварување на правата, - Воспоставување на систем на контрола на процесите - Воспоставување на ефикасни тела за остварување на правата - Финансиска ставилност и ефикасност на Фондот во делот на обоезбедување на редовни приходи од осигурениците по основ на осигурање, наплата на партиципации
Работни задачи	1. Подготвување на дневен билтен со пресек на вестите и новините во областа на здравството на дневна основа во сите печатени и електронски медиуми, како и на веб порталите 2. Координација со секторите и подрачните служби за објавувањето на месечен билтен на Фондот 3. Подготовки на соопштенија за информирање на јавност во соработка со генералните и секторските директори и организирање на прес-конференции 4. Координација околку гостувања на вработените на ФЗОМ на определени работилници по барање и во соработка со на здруженијата на граѓани 5. Ажурирање на WEB страницата, во склоп на активностите од другите сектори, медиумска промоција на проекти кои се од значење на ФЗОМ и Јавноста, стручни брифинзи и прес конференции 6. Организира и спроведува навремени информации и мислења до Влада и до другите надлежни институции
Одговорен пред	Пред директор на Фондот.
Реден број и шифра	***4.ФЗО0102В01001***
Звање на работното место	***Стручен соработник - централа***
Назив на работно место	***Стручен соработник за контакт со јавноста***
Број на извршители	1
Вид на образование	Образование – Педагогија, Филозофски,
Други посебни услови	
Работни цели	- Навремено информирање на јавноста за прашања од делокруг на работењето на Фондот.
Работни задачи	1. дистрибуира информации до јавноста, лично и преку соопштенија; 2. ги подготвува материјалите за прес-конференции, пишува деманти, известувања, дописи до јавноста и сл.; 3. организира средби со медиумите и кампањи во интерес на Фондот;

	4. ги следи и анализира написите во информативните гласила за проблемите од областа на здравството; 5. подготвува информации за ВЕБ страницата на Фондот;
Одговорен пред	Претпоставен административен службеник ов ниво Б2 односно Шеф на кабинет.
Реден број и шифра	***5.ФЗО0102В04001***
Звање на работното место	***Соработник***
Назив на работно место	***Соработник за организација на протоколарни активности***
Број на извршители	1
Вид на образование	Образование – Педагогија, Филозофски
Посебни услови	
Работни цели	- ефикасно извршување на работните задачи кои се однесуваат на организација на протоколарни активности.
Работни задачи	1. организира, насочува и координира работата на Кабинетот, во врска со подготовки за прием на домашни и странски делегации, 2. ги подготвува состаноците и средбите на Директорот на Фондот за здравствено оигурување на Македонија со организации на граѓани, здруженија на граѓани и сл, 3. организира активности во насока на подготовка на работни посети на преставници на странски органи и институции, 4. организира транспорт, сместување и друга логистичка подршка на странски гости преставници на странски делегации кој се во посета на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. 5. Организира и спроведува навремени информации и мислења до Влада и до другите надлежни институции
Одговорен пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б2 односно Шеф на кабинет
Реден број и шифра	***6.ФЗО0102В03002***
Звање на работното место	***Деловен секретар***
Назив на работно место	***Деловен секретар***
Број на извршители	2
Вид на образование	Образование, Филозофски
Други посебни услови	
Работни цели	- Ефикасна и ефективно администрација на работните обврски делегирани од менаџментот на Фондот.
Работни задачи	1. ги прима и предава поштенските пратки и материјали упатени до директорот; 2. води евиденција и се грижи за состаноците кои ги закажува директорот и помошниците на директорот; 3. ги прима и упатува странките кои бараат прием кај директорот и неговите помошници; 4. обработува извештаи за потребите на директорот; 5. води евиденција за податоците на државни органи, институции и други правни лица кои контактираат со Фондот;
Одговорен пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б2 односно Шеф на кабинет
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА	
Реден број и шифра	***1.ФЗО0102Б02003***
Звање на работното место	***Раководител на одделение - централа***
Назив на работно место	***Раководител на одделение за внатрешна ревизија - Главен внатрешен ревизор***
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки, Правни науки
Други посебни услови	- сертификат за внатрешна ревизија

Работни цели	- Воспоставување на добар систем на внатрешна контрола и ревизија - Воспоставување на ефикасен и ефективен систем на работење во сите сегменти.
Работни задачи	1. ги планира и извршува ревизиите согласно законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики на Министерството за финансии, како и условите за работа на одделението за внатрешна ревизија; 2. изготвува програма за секоја одделна ревизија и го следи нејзиното извршување; 3. го координира спроведувањето на ревизиите, ги одобрува индивидуалните ревизорски планови, ги прегледува нацрт ревизорските извештаи и ги испитува ревизорските докази за да се осигура дека ревизорските препораки се оправдани; 4. ја чува документацијата од извршената ревизија како поддршка и обезбедување на квалитет на извештајот; 5. дискутира за ревизорскиот извештај со ревидираната организација за да се усогласат околу наведените забелешки; 6. го испраќа извештајот и наодите до раководителот на внатрешната ревизија; 7. го надоградува своето знаење и вештини низ постојан професионален развој и самостојно следење на измените во законската регулатива и прописи во областа на внатрешната ревизија во Република Македонија и меѓународните ревизорски стандарди; 8. го почитува Етичкиот кодекс, особено од аспект на конфликт на интереси, управување со ревизорската активност и навремено известување за резултатите од ревизијата; 9. го информира главниот ревизор за случаите на измама или недостаток кој може да резултира со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка; 10. чува државна, службена или деловна тајна која ја осознал во текот на ревизијата;
Одговорен пред	Пред директор на ФЗОМ
Реден број и шифра	***2.ФЗО0102Б04004***
Звање на работното место	***Внатрешен ревизор - централа***
Назив на работно место	***Внатрешен ревизор***
Број на извршители	5
Вид на образование	Економски науки, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Воспоставување на добар систем на внатрешна контрола и ревизија - Воспоставуваер на ефикасен ефективен систем на работење во сите сегменти. - Воспоставување на работни процедури.
Работни задачи	1. ја планира и извршува ревизијата согласно законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики на Министерството за финансии и главниот ревизор; 2. ја чува документацијата од извршената ревизија како поддршка и обезбедување на квалитет на извештајот најмалку 10 години; 3. го презентира и дискутира нацрт извештајот на ревидираната организација, за да се усогласат околу наведените забелешки и препораки; 4. го испраќа извештајот и наодите до раководителот на одделението за внатрешна ревизија или до главниот ревизор, за што одлучува главниот ревизор;

	5. го почитува Етичкиот кодекс, особено од аспект на конфликт на интерси, управување со ревизорската активност и навремено известување за резултатите од ревизијата; 6. го информира раководството на организацијата за случаите на измама или недостаток кој може да резултира со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка; 7. чува државна, службена или деловна тајна која ја осознал во текот на ревизијата;
Одговорен пред	Претпоставен административен службеник од новото Б2 односно Раководител на одделение за внатрешна ревизија - Главен внатрешен ревизор
Реден број и шифра	***3.ФЗО0102В01003***
Звање на работното место	***Помлад внатрешен ревизор***
Назив на работно место	***Помлад внатрешен ревизор***
Број на извршители	2
Вид на образование	Економски науки, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Воспоставување на добар систем на внатрешна контрола и ревизија - Воспоставуваер на ефикасен ефективен систем на работење во сите сегменти.
Работни задачи	1. го презентира и дискутира нацрт извештајот на ревидираната организација, за да се усогласат околу наведените забелешки и препораки; 2. го испраќа извештајот и наодите до раководителот на одделението за внатрешна ревизија или до главниот ревизор, за што одлучува главниот ревизор; 3. го почитува Етичкиот кодекс, особено од аспект на конфликт на интерси, управување со ревизорската активност и навремено известување за резултатите од ревизијата; 4. го информира раководството на организацијата за случаите на измама или недостаток кој може да резултира со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка; 5. чува државна, службена или деловна тајна која ја осознал во текот на ревизијата.
Одговорен пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б2 односно Раководител на одделение за внатрешна ревизија - Главен внатрешен ревизор
I.ПРАВЕН СЕКТОР	
Реден број и шифра	***1.ФЗО0102Б01001***
Звање на работното место	***Директор на сектор***
Назив на работното место	***Директор на правен сектор***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Обезбедување на ефикасност, ефективно остварување на правата од здравствено осигурување за осигурениците на Фондот, - Подобрување и унапредување на регулативата на Фондот во делот за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување
Работни задачи	1. Раководи со секторот, организира, координира и одговара за успешно извршување на работите и работните задачи; 2. Се грижи за спроведување на законските и нормативните акти и за спроведување на проектите предвидени во Програмата на ФЗОМ кои во надлежност на секторот; 3. Ги следи и проучува законските прописи од областа на здравственото осигурување, здравствената заштита и другите законски прописи ,

	4. го следи развојот и системот на здравственото осигурување и се грижи за имотните односи, регресните побарувања, склучените договори со здравствените установи и ја следи работата на органите на управување, 5. Ги одобрува сите документи за плаќање во надлежност на Секторот за правни работи; 6. Ги потпишува упатствата изготвени од останатите сектори од формално правен аспект; 7. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции; 8. Ги одобрува изготвените мислења и стручни упатства на подрачните служби на Фондот за новините во законските прописи; 9. Организира и координира состаноци и советувања со подрачните служби и со вработените во одделенијата и дава упатства за нивната работа, стручни мислења и предлози; и спроведува буки и презентации кои се во надлежност на секторот, 10. Изготвува информации, материјали и анализи во врска со работите кои се извршуваат во секторот и во одделенијата и учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Пред директор на ФЗОМ
I.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДОГОВОРИ СО ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	
Реден број и шифра	***2.ФЗО0102Б02003***
Звање на работното место	***Раководител на одделение - централа***
Назив на работно место	***Раководител на одделение за договори со здравствени установи***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Унапредување на системот на следење на договорите и контрола на процесите кои се однесуваат за здравствените установи од примарна здравствена заштита; - Заштита на со закон утврдените интереси на Фондот во спророви те кои ги води Фондот со приватните здравствени установи пред надлежните судови.
Работни задачи	1. Раководи со одделението,организира, координира и одговара за успешно извршување на работите и работните задачи во одделението; 2. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 3. Ги следи и проучува законските прописи од областа на здравственото осигурување, здравствената заштита и другите законски прописи; 4. Изготвува меморандуми за соработка со други институции и се грижи за нивна усогласеност со Законот за заштита на лични податоци; 5. Дава мислење и стручни упатства на подрачните служби на Фондот во врска со договарање со здравствени установи; 6. Ги одобрува изготвените мислења и стручни упатства на подрачните служби на Фондот за новините во законските прописи особено во делот на работењето на здравствените установи во согласност со Уредбата за мрежа на здравствените установи; 7. Координира со Министеството за здравство во делот на прописите поврзани со мрежата на здравствени установи; 8. Ја усогласува и контролира работата на подрачните служби во областа на спроведувањето на договорите со здравствените установи; 9. Учествува во изготвување на нормативите и други општи акти во врска со системот на договарање со здравствените установи; 10. Го следи објавувањето на општите акти на Фондот во Службен весник на РМ

Одговара пред	Претпоставен администртивен службеник од нивото Б1 односно Директор на правен сектор
I.1.1 ОДДЕЛ ЗА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА	
Реден број и шифра	***3.ФЗО0102Б03002***
Звање на работното место	***Шеф на оддел - централа***
Назив на работно место	***Шеф на оддел за примарна здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Унапредување на системот на следење на договорите и контрола на процесите кои се однесуваат за здравствените установи од примарна здравствена заштита; - Заштита на со закон утврдените интереси на Фондот во спорови те кои ги води Фондот со приватните здравствени установи пред надлежните судови.
Работни задачи	1. Раководи со одделот; го организира, координира и одговара за успешното извршување на работите и работните задачи во одделот; 2. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 3. Ги следи и проучува законските прописи од областа на здравственото осигурување, здравствената заштита и другите законски прописи; 4. Дава мислење и стручни упатства на подрачните служби на Фондот во врска со договарање со здравствени установи и Спороведува обуки и презентации поврзани кои се во надлежност на одделението; 5. Ги контролира изготвените мислења и стручни упатства на подрачните служби на Фондот за новините во законските прописи особено во делот на работењето на здравствените установи во согласност со Уредбата за мрежа на здравствените установи; 6. Соработува со Министеството за здравство во делот на прописите поврзани со мрежата на здравствени установи; 7. Ја усогласува и контролира работата на подрачните служби во областа на спроведувањето на договорите со здравствените установи; 8. Изготвува годишен извештај за работата на одделението; 9. Се грижи за спроведување на прокетите предвидени во Програмата на - ФЗОМ кои во надлежност на одделението; 10. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б2 односно Раководителот на одделение за договори со здравствени установи
Реден број и шифра	***4.ФЗО0102Б04003***
Звање на работното место	***Самостоен стручен соработник - централа***
Назив на работно место	***Самостоен стручен соработник за договори со здравствени установи од областа на примарна здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Евидентирање и следење на движењето на лекарите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи од примарна здравствена заштита;
Работни задачи	1. Учествува во склучувањето на договорите со здравствени установи; 2. Ја контролира и комплетира документацијата доставена од здравствените установи за склучување на договори; 3. Ја следи имплементацијата на склучените договори;

	4. Ги следи деловните процедури кои се однесуваат на работењето на здравствените установи; 5. Изготвува договори, анекс на договори, факсимили на лекари и шифри на здравствени работници во модулот за договори со здравствени установи; 6. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања од здравствените установи; 7. Изработува дописи до осигурените лица и до подрачни служби; 8. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 9. Изготвува табели, прегледи и други помошни материјали од работата на Фондот; 10. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита.
Реден број и шифра	***5.ФЗО0102Г02001***
Звање на работното место	***Референт II ниво***
Назив на работно место	***Референт II ниво***
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, економско
Други посебни услови	
Работни цели	- Остварување на ефикасна, ефективна и квалитетна администрација - Организирање и архивирање на целокупното канцелариско работење на одделението во врска со добиените и испратените предмети;
Работни задачи	1. Ја средува и заведува документацијата од работата на одделот; 2. Води посебна евиденција за склучените договори; 3. Се грижи за доставување на предметите; 4. Води евиденција и контрола на неалидните договори во модулот за здравствени установи; 5. Води електронска евиденција на факсимилите на дисперзираните лекари во јавните здравствени установи; 6. Изготвува прегледи, табели и други помошни материјали за потребите на одделот; 7. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања за склучување на договори; 8. Изготвува прегледи за склучени договори; 9. Ги известува претпоставените за неизработените предмети во утврдените рокови;
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита.
Реден број и шифра	***6.ФЗО0102Б04003***
Звање на работното место	***Самостоен стручен соработник - централа***
Назив на работното место	***Самостоен стручен соработник за договори од областа на примарна стоматолошка здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Учество во унапредување на процесот на преговарање за теркови на договори по здравствени установи со коморите и склучување на договори со здравствени установи од примарна стоматолошка здравствена заштита;
Работни задачи	1. Учествува во склучувањето на договорите со здравствени установи;

	2. Ја контролира и комплетира документацијата доставена од здравствените установи за склучување на договори; 3. Ја следи имплементацијата на склучените договори; 4. Учествува во изготвувањето на деловните процедури кои се однесуваат на работењето на здравствените установи; 5. Изготвува договори, анекс на договори, факсимили на лекари односно стоматолози и шифри на здравствени работници во модулот за договори со здравствени установи; 6. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања од здравствените установи; 7. Изработува дописи до осигурените лица и до подрачни служби; 8. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 9. Изготвува табели, прегледи и други помошни материјали од работата на Фондот; 10. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита
Реден број и шифра	***7.ФЗО0102Г02001***
Звање на работното место	***Референт II ниво***
Назив на работното место	***Референт II ниво***
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, економско
Други посебни услови	
Работни цели	- Остварување на ефикасна, ефективна и квалитетна администрација - Организирање и архивирање на целокупното канцелариско работење на одделението во врска со добиените и испратените предмети;
Работни задачи	1. Ја средува и заведува документацијата од работата на одделот; 2. Води посебна евиденција за склучените договори; 3. Се грижи за доставување на предметите; 4. Води евиденција и контрола на неалидните договори во модулот за здравствени установи; 5. Води електронска евиденција на факсимилите на дисперзираните лекари во јавните здравствени установи; 6. Изготвува прегледи, табели и други помошни материјали за потребите на одделот; 7. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања за склучување на договори; 8. Изготвува прегледи за склучени договори; 9. Ги известува претпоставените за неизработените предмети во утврдените рокови;
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита
Реден број и шифра	***8.ФЗО0102Б04003***
Звање на работното место	***Самостоен стручен соработник - централа***
Назив на работното место	***Самостоен стручен соработник за договори за ЗУ од областа на примарна здравствена заштита - аптеки***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Склучување на договори со здравствени установи од примарна здравствена заштита;

	- Контрола на следењето на движењето на лекарите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи од примарна здравствена заштита;
Работни задачи	1. Учествува во склучувањето на договорите со здравствени установи; 2. Ја контролира и комплетира документацијата доставена од здравствените установи за склучување на договори; 3. Ја следи имплементацијата на склучените договори; 4. Учествува во изготвувањето на деловните процедури кои се однесуваат на работењето на здравствените установи; 5. Изготвува договори, анекс на договори, факсимили на фармацевти и шифри на здравствени работници во модулот за договори со здравствени установи; 6. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања од здравствените установи; 7. Изработува дописи до осигурените лица и до подрачни служби; 8. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 9. Изготвува табели, прегледи и други помошни материјали од работата на Фондот; 10. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита
Реден број и шифра	***9.ФЗО0102В01001***
Звање на работното место	***Стручен соработник - централа***
Назив на работното место	***Стручен соработник за договори со здравствени установи***
Број на извршители	2
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Склучување на договори со здравствени установи од примарна здравствена заштита; - Контрола на следењето на движењето на лекарите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи од примарна здравствена заштита;
Работни задачи	1. Учествува во склучувањето на договорите со здравствени установи; 2. Ја контролира и комплетира документацијата доставена од здравствените установи за склучување на договори; 3. Ја следи имплементацијата на склучените договори; 4. Учествува во изготвувањето на деловните процедури кои се однесуваат на работењето на здравствените установи; 5. Изготвува договори, анекс на договори, факсимили на лекари и шифри на здравствени работници во модулот за договори со здравствени установи од сите дејности; 6. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања од здравствените установи; 7. Изработува дописи до осигурените лица и до подрачни служби; 8. Изготвува табели, прегледи и други помошни материјали од работата на Фондот; 9. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита.
Реден број и шифра	***10.ФЗО0102Г02001***
Звање на работното место	***Референт II ниво***
Назив на работното место	***Референт II ниво***
Број на извршители	1

Вид на образование	Гимназија, економско
Други посебни услови	
Работни цели	- Организирање и архивирање на целокупното канцелариско работење на одделението во врска со добиените и испратените предмети; - Комплетирање на предметите кои се дел од процесот за следење на движењето на лекарите, фармацевтите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи;
Работни задачи	1. Ја средува и заведува документацијата од работата на одделот; 2. Води посебна евиденција за склучените договори; 3. Се грижи за доставување на предметите; 4. Води евиденција и контрола на неалидните договори во модулот за здравствени установи; 5. Води електронска евиденција на факсимилите на дисперзираните лекари во јавните здравствени установи; 6. Изготвува прегледи, табели и други помошни материјали за потребите на одделот; 7. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања за склучување на договори; 8. Изготвува прегледи за склучени договори; 9. Ги известува претпоставените за неизработените предмети во утврдените рокови;
Одговара пред	Претпоставениот административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за примарна здравствена заштита.
I.1.2 ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА	
Реден број и шифра	***11.ФЗО0102Б03002***
Звање на работното место	***Шеф на оддел - централа***
Назив на работното место	***Шеф на оддел за специјалистичко консултативна здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Унапредување на системот на следење на договорите и контрола на процесите кои се однесуваат за здравствените установи од примарна здравствена заштита; - Заштита на со закон утврдените интереси на Фондот во спророви те кои ги води Фондот со приватните здравствени установи пред надлежните судови.
Работни задачи	1. Раководи со одделот и учествува во организирање, координирање и одговара за успешното извршување на работите и работните задачи во одделот; 2. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 3. Ги следи и проучува законските прописи од областа на здравственото осигурување, здравствената заштита и другите законски прописи; 4. Дава мислење и стручни упатства на подрачните служби на Фондот во врска со договарање со здравствени установи; 5. Ги контролира изготвените мислења и стручни упатства на подрачните служби на Фондот за новините во законските прописи особено во делот на работењето на здравствените установи во согласност со Уредбата за мрежа на здравствените установи; 6. Соработува со Министеството за здравство во делот на прописите поврзани со мрежата на здравствени установи; 7. Ја усогласува и контролира работата на подрачните служби во областа на спроведувањето на договорите со здравствените установи и правните лица;

	8. Изготвува годишен извештај за работата на одделението; 9. Се грижи за спроведување на прокетите предвидени во Програмата на ФЗОМ кои во надлежност на одделението; 10. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б2 односно Раководител на одделение за договори со здравствени установи.
Реден број и шифра	***12.ФЗО0102Б04003***
Звање на работното место	***Самостоен стручен соработник - цетрала***
Назив на работното место	***Самостоен стручен соработник за договарање со ЗУ од областа на специјалстичко консултативна здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Склучување на договори со здравствени установи од примарна здравствена заштита; - Контрола на следењето на движењето на лекарите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи од примарна здравствена заштита;
Работни задачи	- Учествува во склучувањето на договорите со здравствени установи; - Ја контролира и комплетира документацијата доставена од здравствените установи за склучување на договори; - Ја следи имплементацијата на склучените договори; - Учествува во изготвувањето на деловните процедури кои се однесуваат на работењето на здравствените установи; - Изготвува договори, анекс на договори, факсимили на лекари и шифри на здравствени работници во модулот за договори со здравствени установи - Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања од здравствените установи; - Изработува дописи до осигурените лица и до подрачни служби; - Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; - Изготвува табели, прегледи и други помошни материјали од работата на Фондот; - Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен адмнистративен службеник од нивото Б3 Шеф на оддел за специјалистичко консултативна здравствена заштита
Реден број и шифра	***13.ФЗО0102Г02001***
Звање на работното место	***Референт II ниво***
Назив на работното место	***Референт II ниво***
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, економско
Други посебни услови	
Работни цели	- Организирање и архивирање на целокупното канцелариско работење на одделението во врска со добиените и испратените предмети; - Комплетирање на предметите кои се дел од процесот за следење на движењето на лекарите, фармацевтите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи;
Работни задачи	1. Ја средува и заведува документацијата од работата на одделот; 2. Води посебна евиденција за склучените договори; 3. Се грижи за доставување на предметите; 4. Води евиденција и контрола на неалидните договори во модулот за здравствени установи;

	5. Води електронска евиденција на факсимилите на дисперзираните лекари во јавните здравствени установи; 6. Изготвува прегледи, табели и други помошни материјали за потребите на одделот; 7. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања за склучување на договори; 8. Изготвува прегледи за склучени договори; 9. Ги известува претпоставените за неизработените предмети во утврдените рокови;
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за специјалистичко консултативна здравствена заштита.
Реден број и шифра	***14.ФЗО0102Б04003***
Звање на работно место	***Самостоен стручен соработник - централа***
Назив на работно место	***Самостоен стручен соработник за договори со лабаратории и правни лица кои изработуваат ортопедски помагала***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Евидентирање и следење на движењето на лаборантите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица како и следење на специјализираните продавници за ортопедски помагала; - Електронско следење на движењето на лаборантите и медицинскиот персонал во здравствените установи – лабораторотии;
Работни задачи	1. Учествува во склучувањето на договорите со здравствени установи; 2. Ја контролира и комплетира документацијата доставена од здравствените установи за склучување на договори; 3. Ја следи имплементацијата на склучените договори; 4. Учествува во изготвувањето на деловните процедури кои се однесуваат на работењето на здравствените установи – лаборатории и правни лица; 5. Изготвува договори, анекс на договори, факсимили на лекари/лаборанти и шифри на здравствени работници и договори и анекс – договори за правни лица кои изработуваат ортопедски помагала во модулот за договори со здравствени установи; 6. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања од здравствените установи; 7. Изработува дописи до осигурените лица и до подрачни служби; 8. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 9. Изготвува табели, прегледи и други помошни материјали од работата на Фондот; 10. Учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за специјалистичко-консултативна здравствена заштита
Реден број и шифра	***15.ФЗО0102Г02001***
Звање на работно место	***Референт II ниво***
Назив на работно место	***Референт II ниво***
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија - економско
Други посебни у слови	
Работни цели	- Организирање и архивирање на целокупното канцелариско работење на одделението во врска со добиените и испратените предмети;

	- Комплетирање на предметите кои се дел од процесот за следење на движењето на лекарите, фармацевтите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи;
Работни задачи	1. Ја средува и заведува документацијата од работата на одделот; 2. Води посебна евиденција за склучените договори; 3. Се грижи за доставување на предметите; 4. Води евиденција и контрола на неалидните договори во модулот за здравствени установи; 5. Води електронска евиденција на факсимилите на дисперзираните лекари во јавните здравствени установи; 6. Изготвува прегледи, табели и други помошни материјали за потребите на одделот; 7. Прибира од подрачните служби соодветна документација во врска со поднесените барања за склучување на договори; 8. Изготвува прегледи за склучени договори; 9. Ги известува претпоставените за неизработените предмети во утврдените рокови;
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за специјалистичко консултативна здравствена заштита.
I.1.3 ОДДЕЛ ЗА БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА	
Реден број и шифра	***ФЗО0102Б03002***
Звање на работно место	***Шеф на оддел - централа***
Назив на работно место	***Шеф на оддел за болничка здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни у слови	
Работни цели	- Контрола на процесот на следење на движењето на лекарите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи од болничка здравствена заштита; - Воспоставување на интерни процедури за надлежностите и нивоа на одговорност при изготвување на договорите со здравствените установи и остварувања на правата на осигурениците.
Работни задачи	1. Раководи со одделот, организира координира и одговара за успешното извршување на работите и работните задачи во одделот, 2. Го застапува Фондот пред надлежните судови и институции за постапки во врска со работењето на здравствените установи; 3. Ги следи и проучува законските прописи од областа на здравственото осигурување, здравствената заштита и другите законски прописи, се грижи за спроведување на проектите предвидени во Програмата на ФЗОМ кои во надлежност на одделението; 4. Дава мислење и стручни упатства на подрачните служби на Фондот во врска со договарање со здравствени установи; 5. Ги контролира изготвените мислења и стручни упатства на подрачните служби на Фондот за новините во законските прописи особено во делот на работењето на здравствените установи во согласност со Уредбата за мрежа на здравствените установи; 6. Соработува со Министеството за здравство во делот на прописите поврзани со мрежата на здравствени установи; 7. Ја усогласува и контролира работата на подрачните служби во областа на спроведувањето на договорите со здравствените установи и правните лица; 8. Изготвува годишен извештај за работата на одделението;

	9. Се грижи за спроведување на проектите предвидени во Програмата на ФЗОМ кои во надлежност на одделението; 10. Спороведува обуки и презентации поврзани кои се во надлежност на одделението и учествува во комисии номинирани од страна на Директорите.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б2 односно Раководител на одделение за договори со здравствени установи
Реден број и шифра	***17.ФЗО0102Б04003***
Звање на работното место	***Самостоен стручен соработник - централа***
Назив на работно место	***Самостоен стручен соработник за договори со ЗУ од областа на болничка здравствена заштита***
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
руги посебни услови	
